АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И
АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# Анализа на пазарот
# на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
# за 2022 година

# Содржина

ВОВЕД ........ 5
РЕЗИМЕ ........ 7

МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА ........ 12

ТЕРЕСТРИЈАЛНИ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ........ 20
ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ НЕОГРАНИЧЕН РЕСУРС ........ 28
ТЕЛЕВИЗИИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ........ 36
ТЕЛЕВИЗИИ НА ЛОКАЛНО НИВО ........ 44

РАДИОСАНИЦИ НА ДРЖАВНО НИВО ........ 50
РАДИОСТАНИЦИ НА РЕГИОНАЛНО НИВО ........ 55
РАДИОСТАНИЦИ НА ЛОКАЛНО НИВО ........ 60

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ ........ 66
ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ ........ 67

# Вовед

Оваа Анализа се однесува на економските перформанси на субјектите на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2022 година. Изработена е врз основа на податоците коишто радиодифузерите ги доставија во Агенцијата, а кои се однесуваат на вкупните приходи што тие ги оствариле во 2022 година и структурата на приходите, вкупните трошоци и структурата на трошоците, финансискиот резултат од работењето и бројот на вработените, како и врз основа на податоците од нивните завршни сметки за анализираната година.

Како дополнителен извор за економското работење на јавниот радиодифузен сервис Агенцијата го користеше и „Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП Македонска радиотелевизија за 2022 година“.

Покрај податоците за економското работење, во Анализата се прикажани и податоците за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радиостаниците во 2022 година, коишто се добиени со истражување на јавното мислење со примена на методот телефонска анкета, што го спроведе истражувачката агенција Маркет Вижн од Скопје.

# Резиме

Табела 1: Клучни наоди

| | Вкупни приходи | Приходи од реклами | Вкупни трошоци | Резултат од работењето | Просечен број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| | во милиони денари | | | | |
| **Македонска-радио телевизија** | **1,104.81** | **37.63** | **1,064.52** | **35.04** | **681** |
| | | | | | |
| **Комерцијални телевизии** | **1,238.61** | **1,044.21** | **1,342.89** | **-107.94** | **940** |
| | | | | | |
| ТВ на државно ниво-терестријални | 1,059.65 | 912.34 | 1,071.20 | -15.15 | 600 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 107.28 | 90.49 | 178.85 | -71.58 | 209 |
| ТВ на регионално ниво | 61.49 | 34.08 | 73.08 | -11.63 | 94 |
| ТВ на локално ниво | 10.19 | 7.30 | 19.76 | -9.58 | 37 |
| | | | | | |
| **Комерцијални радиостаници** | **171.21** | **135.88** | **171.12** | **-0.61** | **170** |
| РА на државно ниво | 71.55 | 57.72 | 71.77 | -0.62 | 46 |
| РА на регионално ниво | 59.30 | 47.78 | 57.81 | -0.58 | 48 |
| РА на локално ниво | 40.36 | 30.38 | 41.54 | 0.59 | 76 |
| **Вкупно** | **2,514.63** | **1,217.72** | **2,578.53** | **-73.51** | **1,791** |

**Вкупни приходи во индустријата**

Во 2022 година, вкупните приходи во индустријата изнесувале 2.514,63 милиони денари. Во однос на минатата година тие се намалиле за 130,20 милиони односно за 5%. Ова во најголема мера се должи на високите приходи од платено политичко рекламирање што во претходната година ги оствариле радиодифузерите во вкупен износ од 238,15 милиони денари.

Во двете години на радиодифузерите им беше обезбедена и финансиска помош за справување со последиците од Ковид пандемијата, која вклучуваше и средства за покривање на трошокот за пренос на сигналот, обезбедени од Владата, и финансиска поддршка за покривање на трошокот за надоместок за дозволата за емитување (во 2021 година во целост, а во 2022 година во висина од 50% од вкупниот износ).

Кај јавниот сервис оваа година има зголемување на приходите, но тоа се должи на средствата кои Министерството за информатичко општество и администрација ги префрли на сметката на јавниот сервис (350 милиони денари) за постигнување повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој. Без нив, вкупните приходи на МРТ во 2022 година се најниски во периодот од 2018 година наваму.

Приходите на комерцијалните телевизии се намалиле за 17%, а на комерцијалните радиостаници незначително се зголемиле (само за 1%).

Слика 1: Движење на вкупните приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години




Во структурата на приходите најголемо учество имаат приходите остварени од продажба на времето за рекламирање - 48%. Средствата од Буџетот за финансирање на радиодифузната дејност претставуваат 27% од вкупните приходи во индустријата, а 25 % се останати приходи.

Слика 2: Структура на приходите во индустријата во 2022 година




**Приходи од реклами во индустријата**

Приходите од рекламирање изнесувале 1.217,72 милиони денари. Во графиконот подолу се прикажани вкупните приходи од реклами, како и приходите од реклами без платено политичко рекламирање кои биле остварени во последните пет години. Доколку се споредат приходите само од комерцијално огласување, во 2022 година тие се за само 2% повисоки отколку во 2021 година.

Слика 3: Приходи од рекламирање во индустријата во последните пет години



Учеството на комерцијалните телевизии во приходите од реклами во индустријата изнесува 86%, 11% се приходите на комерцијалните радиостаници и 3% приходите на јавниот радиодифузен сервис.

**Вкупни трошоци во индустријата**

Во 2022 година биле потрошени 2.578,53 милиони денари. Во однос на минатата година, јавниот сервис и комерцијалните радиостаници потрошиле повеќе, а комерцијалните телевизии помалку средства. Комерцијалните телевизии и радиостаници најголем дел од средствата ги потрошиле за плати за вработените (39% од вкупните трошоци).

Слика 4:Движење на вкупните трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години




**Финансиски резултат и број на вработени**

Во анализираната година, заедничкиот резултат од работењето на комерцијалните радиодифузери и на јавниот сервис бил загуба во износ од 73,51 милион денари. МРТ остварила добивка од 35,04 милиони денари, а комерцијалните радиостаници и телевизии работеле со загуба, и тоа радијата со загуба од 0,61 милион денари, а телевизиите со загуба од 107,94 милиони денари. Полош финансиски резултат во последните пет години комерцијалните телевизии имале само во пандемиската 2020 година.

Табела 2: Финансиски резултат од работењето на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| МРТ | -26.02 | -527.15 | 74.47 | -6.74 | 35.04 |
| Комерцијални телевизии | -69.48 | -7.64 | -109.92 | 50.69 | -107.94 |
| Комерцијални радиостаници | -1.41 | -0.01 | 0.77 | 12.56 | -0.61 |

Во 2022 година, просечниот број на вработени во редовен работен однос во индустријата изнесувал 1.791 лице, од кои 681 лице биле вработени во јавниот сервис, 940 лица во комерцијалните телевизии и 170 лица во комерцијалните радиостаници. На крајот од годината, во редовен работен однос биле 1.726 лица, а хонорарно ангажирани биле 574 лица.

**Број на радиодифузери**

На почетокот од годината програма емитуваа вкупно 110 радиодифузери, од кои 44 комерцијални телевизии, 62 комерцијални радиостаници и четири непрофитни радиостаници. Во текот на годината престанаа да важат дозволите на две телевизии (на регионалната Сити[1] и на локалната Канал 21[2]) и на две радиостаници (на регионалната Капитол ФМ[3] и на локалната Лав[4]), а беше доделена една дозвола за телевизиско емитување на локално ниво (на ТРД ТВ Њуз[5] од Куманово).

Дозвола да емитуваат програма на крајот од годината имаа 107 радиодифузери (43 комерцијални телевизии, 61 комерцијална радиостаница и четири непрофитни радиостаници).

---

[1] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво СИТИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Скопје (Уп1 Бр. 08-65 од 10.03.2022 година)

[2] Решение за бришење од регистарот на радиодифузери на Трговското радиодифузно друштво телевизија КАНАЛ-21 ДООЕЛ Велес (Уп1 Бр. 08-317 од 21.10.2022 година)

[3] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје (Уп1 Бр. 08-213 од 29.07.2022 година)

[4] Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид (Уп1 Бр. 08-170 од 01.07.2022 година)

[5] Одлука за доделување на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс налокално ниво (Уп1 Бр. 08-211 од 04.11.2022 година)

# Македонска радиотелевизија

Обезбедувањето стабилно и соодветно финансирање на Македонската радио-телевизија останува предизвик и понатаму. Впрочем, станува збор за еден од четирите основни принципи за финансирање на јавните радиодифузни сервиси – обезбедување стабилен и предвидлив извор на финансирање што на јавниот сервис ќе му овозможи целосно да ги исполни функциите[6].

И во 2022 година, од државниот буџет на јавниот радиодифузен сервис му беа префрлени помалку средства отколку што е предвидено со законот. Ваквата состојба трае веќе неколку години наназад, поточно уште од 2017 година, кога се напушти финансирањето на јавниот сервис преку наплата на радиодифузна такса и се премина на финансирање директно од државниот буџет. Оттогаш наваму, ниту една година на сметката на МРТ не се префрлени законски предвидените средства. Секоја година Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги посочува на овој проблем во редовните годишни анализи на пазарот што ги изработува.

За колку сериозен проблем станува збор се гледа и од „Финансискиот извештај за реализација на финансискиот план на ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА за 2022 година“[7], според кој со *„континуираното намалување на средствата за финансирање на радиодифузната дејност и непочитувањето на Законот за ААВМУ од страна на државата...средствата кои и се кратат на МРТ од година во година веќе ја надминуваат цифрата од 10 милиони евра на годишно ниво“*. Во овој изештај е посочено и тоа дека *„ова е сериозен проблем со кој се соочува куќата и овој континуиран недостиг на финансиски средства предизвикува потешкотии во тековното работење, го доведува во прашање сервисирањето на застарените долгови, дигитализацијата на*

[6] ЕБУ, „Принципи на финансирање од јавни средства на јавните радиодифузни медиуми“, Public Funding Principles for PSM (ebu.ch), пристапено на 24.04.2022 година
[7] МРТ, „Годишен извештај за работата на ЈП МРТ за 2022“, Годишен извештај за работа на ЈРП МРТ за 2022г.pdf (mrt.com.mk), пристапено на 24.04.2023 година

*радиото, производство и набавка на нови програмски содржини и го оневозможува и спроведувањето на петгодишната стратегија за развој...“*.

Со измените на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од 2018 година се предвиде дека процентот што ќе се издвојува од државниот буџет за финансирање на радиодифузната дејност од година во година ќе расте (во 2019 година ќе изнесува 0,8%, во 2020 година 0,9%, а почнувајќи од 2021 година 1%). Меѓутоа, од 2019 година наваму, секоја година, од државниот буџет на сметката на МРТ наместо повеќе, Владата префрла сè помалку средства.

Во Извештајот за напредокот на Македонија во 2021 година[8], Европската комисија има укажано дека *„Владата продолжи да го користи своето дискреционо право при распределбата на државните средства во радиодифузниот сектор, дополнително намалувајќи ги средствата за јавниот радиодифузен сервис, медиумскиот регулатор и јавното радиодифузно претпријатие, спротивно на барањата воведени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“*, како и дека *„Властите треба да ги зголемат своите напори за реформа на јавниот радиодифузен сервис, обезбедувајќи ја неговата независност и финансиска одржливост“*.

И покрај ваквите укажувања, Владата на јавниот сервис во 2022 година му префрли уште помалку средства отколку во 2021 година.

[8] СЕП, „Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2021 година“, https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117#.ZEZbLM5ByUk, пристапено на 24.04.2023 година

Слика 5: Исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ во последните пет години




Како резултат на тоа, во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Македонија за 2022 година[9] е посочено дека „*И покрај барањата од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со кои се утврдува износот на јавното финансирање на јавниот радиодифузен сервис како процент од државниот буџет да е 1 % од 2021 година, вистинската стапка достигна само 0,59% во јули 2022 година поради употребата од органите на дискреционите овластувања дадени со закон. Ова беше недоволно…Континуираното намалување на финансирањето го попречува спроведувањето на Стратегијата за развој на јавниот радиодифузен сервис, создавајќи несигурност во процесите на планирање и влијае врз севкупниот квалитет на резултатите. Не беа најдени решенија за старите долгови на јавниот радиодифузен сервис кон државните институции, вклучително и за спроведување поволни судски пресуди за просториите на јавниот радиодифузен сервис. Допрва треба да се обезбедат независност и одржливост на јавниот радиодифузен сервис, како финансиска така и во однос на правната рамка“.*

Во 2017 година, кога се донесе законското решение дека МРТ ќе се финансира директно од државниот буџет, главната загриженост беше дека ваквото решение не произлезе од претходна економска анализа со која ќе се утврди колку точно средства на МРТ и се потребни за да ги исполни обврските што со законот ѝ се утврдени во однос на програмите

[9] СЕП, „Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година“, https://www.sep.gov.mk/page/?id=1117#.ZEZbLM5ByUk, пристапено на 24.04.2023 година

и програмските сервиси што треба да ги емитува. Од 2018 година наваму, причина за дополнителна загриженост е тоа што ниту овие средства не се исплатуваат во целост.

Од податоците за вкупните приходи во периодот од 2012 година до сега, сосема јасно се гледа дека во периодот од 2012 до 2016 година (кога се финансираше главно од радиодифузна такса), во секоја година МРТ располагала со поголем буџет отколку во периодот по 2016 година наваму, кога финансирањето е директно од државниот буџет.

Во 2022 година се забележува позитивен тренд на вкупните приходи на МРТ во однос на претходната година, но исто така се забележува и дека сè уште не е достигнато нивото од периодот помеѓу 2012 и 2016 година.

Слика 6: Движење на вкупните приходи на МРТ во периодот 2012-2022




Ако се направи споредбена анализа со јавните сервиси од земјите во регионот, уште поизразена е сликата за финансиската состојба на македонскиот јавен радиодифузен сервис.

Слика 7: Вкупни приходи на јавните сервиси во 2021 година (во милиони евра)




Во 2021 година, хрватскиот јавен сервис располагал со вкупни приходи во износ од 171,26 милиони евра[10], што е речиси 10 пати повеќе средства отколку МРТ, јавниот сервис на Србија со 116,07 милиони евра[11], односно шест пати повеќе, а јавниот сервис на Словенија со 131,92 милиони евра[12], односно седум пати повеќе средства.

Табела 3: Структура на приходите на МРТ во 2022 година

| | **2022** |
|---|---|
| Средства за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ | 670.50 |
| Приходи од МИОА за повисок степен на програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 350.00 |
| Закупнини | 0.27 |
| Приходи од услуги во земјата | 2.08 |
| Приходи од услуги во странство (технички и останати услуги и сл.) | 0.95 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики, отпишани обврски, приходи од минати години) | 12.02 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 0.09 |
| Приход од продажба на рекламно време (маркетинг) | 37.63 |
| Приход од продажба на програма (отстапени права) и реемитување во земјата и странство | 31.04 |
| Приходи од донации | 0.23 |
| **ВКУПНО:** | **1,104.81** |

[10] ХРТ, „Извештај за работата на ХРТ за 2021 година“, (Microsoft Word - FINAL_HRT IZVJE\212\306E 2021. \(20.6.2022.\) korekcije nakon NO), пристапено на 24.04.2023 година

[11] РТС, „Извештај за работењето за 2021 година“, https://www.rts.rs/upload/storyBoxFileData/2016/02/02/20566876/GO%20IZVE%C5%A0TAJ%20O%20POSLOVANJU%202021.pdf, пристапено на 24.04.2023 година

[12] РТСловенија, „Годишен извештај за 2021 година“, 39_424763950651932692_l-letno-porocilo-2021_24-2-2022-lektorirano.pdf (rtvslo.si), пристапено на 24.04.2023 година

60,69% од вкупните приходи на МРТ се средствата за финансирање на радиодифузна дејност од Буџетот на РМ, а 31,68% се средствата што се дополнително издвоени од државниот буџет и што согласно член 105 став 7 од ЗААВМУ се префрлени преку Министерството за информатичко општество и администрација *„за постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко-технолошкиот развој на јавниот радиодифузен сервис“*.

Слика 8: Приходи од рекламирање во последните пет години




Само 3,41% од вкупните приходи на МРТ се остварени од рекламирање.

Вкупните расходи на МРТ во анализираната година изнесувале 1.071,93 милиони денари, а вкупните трошоци 1.064,52 милиони денари. Во „Финансискиот извештај за реализација на Финансискиот план за 2022 година“, јавниот радиодифузен сервис трошоците ги распределува во пет категории – трошоци за вработените, патни и транспортни трошоци, заеднички трошоци, програмски права и останати трошоци од работењето.

Најголем дел од трошоците (44,32%) биле од категоријата „трошоци за вработените“. Оваа категорија ги опфаќа бруто платите на вработените (455,47 милиони денари), трошоците за отпремнина за вработените кои во 2022 година оствариле право на пензија (3,84 милиони денари), регрес за годишен одмор (9,75 милиони денари) и други надоместоци за вработените – јубилејни награди, помош на вработените по разни основи (во случај на

смрт, елементарни непогоди и друго), трошоци за едукација на вработените и задолжителни систематски прегледи.

Табела 4: Структура на расходите на МРТ во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трошоци за вработените | 370.47 | 399.06 | 439.03 | 464.77 | 471.76 | 44.32% |
| Патни и транспортни трошоци | 5.77 | 9.10 | 1.99 | 5.01 | 8.02 | 0.75% |
| Заеднички трошоци | 431.56 | 883.47 | 205.63 | 168.78 | 181.59 | 17.06% |
| Програмски права | 123.47 | 113.56 | 238.43 | 276.52 | 338.91 | 31.84% |
| Останати трошоци од работење | 39.76 | 50.64 | 52.64 | 70.34 | 64.24 | 6.03% |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ:** | **971.03** | **1,455.83** | **937.72** | **985.42** | **1,064.52** | |
| Набавка на опрема | 6.51 | 46.74 | 1.88 | 1.88 | 7.41 | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ:** | **977.54** | **1,502.57** | **939.60** | **987.29** | **1,071.93** | |

31,84% од вкупните трошоци биле за обезбедување програмски права, и тоа: 97,1 милиони денари за откуп на права за пренос и емитување на спортски натпревари, 97,82 милиони денари за откуп на права за емитување емисии и телевизиски проекти од разни области и жанрови (информативни, едукативни, детски, документарни и слично), 116,87 милиони денари за копродукциски проекти (снимање и емитување телевизиски проекти од областа на музиката, културата, образованието, забавно-контактни емисии, детски емисии и друго) и 24,35 милиони денари за откуп на права за филмови, серии, документарни емисии и детски анимирани серии.

Заедничките трошоци, во вкупен износ од 181,59 милиони денари, претставуваат 17,06% од вкупните трошоци. Најголем дел од овие трошоци (58,27 милиони денари) биле за амортизација на основните средства.

Во анализираната година МРТ потрошила 7,41 милион денари за инвестиции во нова опрема. Станува збор за набавени софтверски лиценци, клима уреди, возило за програмски потреби и потреби на останатите служби во МРТ, уреди за непрекинато напојување со електрична енергија, како и за надградба на системот за архивирање на материјали.

Остварениот финансиски резултат од работењето на МРТ во 2022 година бил добивка која по оданочувањето изнесувала 35,04 милиони денари. На почетокот на годината бројот на вработени во МРТ изнесувал 704 лица, а на 31.12.2022 година 681 лице.

## Терестријални телевизии на државно ниво

Во 2022 година, сите пет терестријални телевизии на државно ниво оствариле помалку приходи отколку во претходната година, и тоа Алфа за 21%, Алсат-М, Канал 5 и Телма за по 12% и Сител за 8%.

Зеднички тие оствариле вкупни приходи во износ од 1.059,65 милиони денари, што е за 11,70% помалку отколку во 2021 година. Намалувањето на приходите во најголема мера се должи на тоа што во претходната година од платено политичко рекламирање за време на локалните избори овие пет телевизии оствариле приходи во износ од 108,51 милиони денари, а во 2022 година воопшто не оствариле ваков вид приход[13]. Во периодот од 2018 година наваму, 2022 година е прва година во којашто овие пет телевизии не оствариле приходи од платено политичко емитување.

Слика 9: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




Покрај тоа, во 2022 година намалени се и приходите од категоријата „останати приходи“, во коишто се опфатени и разните видови финансиска помош што во последните три години овие телевизии ги добија како поддршка за справување со последиците од пандемијата со

[13] Во 2022 година се одржаа локални избори во општините Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Тетово, но ниедна од овие телевизии не емитуваше платено политичко рекламирање.

вирусот Ковид-19 и за справување со економската криза. Во 2020 година, финансиската помош изнесуваше 68,4 милиони денари[14], во 2021 година 60,79 милиони денари[15], а во 2022 година 34,64 милиони денари. Во анализираната година помошта беше обезбедена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (преку намалување на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување за 50%)[16] и од Владата (преку покривање на трошоците за пренос на сигналот преку дигитален терестријален мултиплекс). Согласно записникот од 28-та седница на Владата, одржана на 15 март 2022 година, *„Владата..., во врска со Мерка 4-Ослободување од надоместокот за МУКС (петти сет економски мерки), го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да склучи договор со Агенцијата за електронски комуникации, за донација на износ од вкупниот надоместок кој медиумите во Република Северна Македонија, го плаќаат по овој основ за 2022 година[17]...“.*

Табела 5: Поединечни вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Алфа | 141.82 | 132.78 | 119.89 | 155.52 | 122.64 | **-21%** |
| ТВ Алсат-М | 156.67 | 159.68 | 141.88 | 185.45 | 162.98 | **-12%** |
| ТВ Канал 5 | 188.13 | 225.73 | 225.95 | 276.34 | 242.09 | **-12%** |
| ТВ Сител | 432.45 | 480.77 | 360.35 | 448.64 | 413.69 | **-8%** |
| ТВ Телма | 144.79 | 121.54 | 119.79 | 134.06 | 118.25 | **-12%** |

[14]Беше обезбедена донација од АВМУ во висина од по 4,36 милиони денари за секоја телевизија, финансиска помош од Владата за надомест на трошоци кон операторот на дигиталниот терестријален мултиплекс во висина од по 5,6 милиони денари, исто така за секоја телевизија, и субвенции на придонесите од задолжително социјално осигурување за вработените во медиумите.

[15] Владата обезбеди финансиска помош за реализација на мерката 3 од Петтиот пакет економски мерки (по 2,78 милиони денари за секоја телевизија за надомест на трошокот за дозволата за емитување и по 5,6 милиони денари за надомест за трошокот за пренос на сигналот преку терестријалниот дигитален мултиплекс). Покрај тоа, освен ТВ Алсат-М, останатите четири телевизии користеа и субвенции за придонеси од плата за вработените во вкупен износ од 18,89 милиони денари.

[16] АВМУ, „Одлука за доделување финансиска помош на радиодифузерите во 2022 година бр.05-4624/1 од 22.12.2021 година“, достапна на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2021/12/Odluka-za-dodeluvanje-finansiska-pomos-donacija-za-radiodifuzerite-vo-2022.pdf

[17] Влада на РС Македонија, „Записник од 28ма седница, одржана на 15.03.2022 година“, достапен на: https://vlada.mk/vladini-sednici?page=2

И во 2022 година највисоки вкупни приходи остварила Сител – 413,69 милиони денари, што претставува речиси 40% од заедничките приходи на петте телевизии. Најниски, пак, биле приходите на Телма, во износ од 118,25 милиони денари.

Табела 6: Структура на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Реклами и телешопинг | 954.59 | 961.22 | 762.08 | 894.77 | 912.34 |
| Платено политичко рекламирање | 26.50 | 101.22 | 59.78 | 108.51 | 0.00 |
| Спонзорства | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 1.09 |
| Продажба на содржини | 11.07 | 9.38 | 0.00 | 94.30 | 80.34 |
| Приходи обезбедени од трети страни | 6.25 | 0.00 | 0.00 | 4.24 | 5.79 |
| Останати приходи | 64.14 | 47.37 | 145.53 | 98.18 | 60.08 |
| **Приходи од основна дејност** | **1,062.55** | **1,119.19** | **967.39** | **1,200.00** | **1,059.64** |
| Приходи од други дејности | 1.10 | 0.88 | 0.03 | 0.01 | 0.01 |
| Вонредни приходи | 0.20 | 0.42 | 0.44 | 0.00 | 0.00 |
| **Вкупни приходи** | **1,063.85** | **1,120.49** | **967.86** | **1,200.01** | **1,059.65** |

Приходите од рекламирање изнесувале 912,34 милиони денари, од кои Сител остварила 402,5 милиони денари, Канал 5 – 227,8 милиони денари, Алсат-М – 140,9 милиони денари, Телма – 104,35 милиони денари и Алфа 36,79 милиони денари.

Слика 10: Движење на приходите од реклами (без ппр) на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години



Во споредба со претходната година, петте телевизии заеднички оствариле повеќе приходи од рекламирање (без платеното политичко рекламирање), но од сликата погоре се гледа дека сé уште не е достигнато нивото од пред пандемијата.

Слика 11: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами во 2022 година




Ако се споредат приходите само од комерцијално огласување во 2021 и 2022 година, може да се забележи дека во анализираната година се намалиле приходите на Алфа (за 10%), Алсат-М (за 3%) и на Канал 5 (за 2%), а се зголемиле на Сител (за 5%) и на Телма (за 10%).

Слика 12: Движење на поединечните приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии во последните пет години



Алфа е единствената телевизија која во 2022 година остварила приходи од спонзорства (1,09 милиони денари) и од продажба на содржини (80,34 милиони денари), и тоа повеќе од двојно отколку што остварила од реклами и телешопинг. Телма, пак, е единствената која реализирала приходи од услуги обезбедени на трети страни, и тоа износ од 5,79 милиони денари.

Заедничките трошоци на петте телевизии изнесувале 1,071.20 милиони денари. Во периодот од последните пет години, телевизиите потрошиле повеќе само во 2021 година.

Слика 13: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години




За разлика од претходната година, кога најголем дел од трошоците биле направени за набавка на содржини, во 2022 година телевизиите најмногу потрошиле за плати и други надоместоци на лицата директно поврзани со производство на програмата, и тоа вкупен износ од 327,53 милиони денари, што претставува 43% од директните трошоци за создавање програма. За набавка на содржини потрошиле нешто помалку, односно 324,25 милиони денари.

Табела 7: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво

| | Износ (во милиони ден.) |
|---|---|
| Материјални трошоци | 34.78 |
| Трошоци за набавка на програма | **324.25** |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 75.27 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | **327.53** |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **761.83** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 32.99 |
| Амортизација на опремата | 63.80 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.13 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 25.95 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 182.09 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,066.79** |
| Расходи од други активности | 3.86 |
| Вонредни расходи | 0.55 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **1,071.20** |

Најмногу средства за плати за овие лица, како и за набавка на содржини, издвоила Сител, а најмалку Алфа. Споредено со 2021 година, освен Телма, сите други телевизии потрошиле помалку за набавка на програма. Ситуацијата е обратна кај платите и надоместоците за лицата директно поврзани со производство на програма. За оваа намена, со исклучок на Алфа, која потрошила помалку во однос на 2021 година, останатите четири телевизии прикажале повисоки трошоци.

Слика 14: Трошоци на терестријалните телевизии за набавка на содржини и за плати на лицата директно поврзани со производство на програмата






Заедничкиот финансиски резултат од работењето на петте телевизии во 2022 година е загуба во висина од 15,15 милиони денари, што се должи на високата загуба на Телма (24,11 милиони денари). Останатите четири телевизии оствариле позитивен финансиски резултат.

Табела 8: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години

| | ТВ Алфа | ТВ Алсат-М | ТВ Канал 5 | ТВ Сител | ТВ Телма |
|---|---|---|---|---|---|
| 2018 | 9.51 | 5.36 | 0.28 | 18.68 | -21.48 |
| 2019 | 39.33 | 8.44 | 1.5 | 28.45 | -21.91 |
| 2020 | -8.85 | 0.53 | -12.11 | -21.89 | -17.47 |
| 2021 | 11.17 | 17.09 | 0.16 | 16.35 | 7.4 |
| 2022 | 0.41 | 3.51 | 0.18 | 4.86 | -24.11 |

Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 600 лица, односно 12 лица помалку од 2021 година, додека вкупниот број на ангажирани лица на 31 декември 2022 година изнесувал 683. Најмногу вработени во редовен работен однос имало во Сител (147 лица), а најголем број на хонорарно ангажирани во Канал 5 (28 лица).

Табела 9: Просечен и вкупен број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво

| | Просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | |
|---|---|---|---|
| | | рро | хон |
| ТВ Алфа | 102 | 95 | 25 |
| ТВ Алсат-М | 101 | 101 | 23 |
| ТВ Канал 5 | 140 | 136 | 28 |
| ТВ Сител | 151 | 147 | 0 |
| ТВ Телма | 106 | 105 | 23 |
| **Вкупно** | **600** | **584** | **99** |

Според податоците од истражувањата[18] за гледаноста и слушаноста на радиодифузерите кои ги нарачува Агенцијата, најгледана телевизија и оваа година била Сител, чијшто просечен дневен досег изнесувал 35,60%, а просечен неделен досег 55,43%.

Слика 15: Просечен дневен и неделен досег на терестријалните телевизии на државно ниво




[18] Податоците се достапни на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2023/01/Податоци-за-досегот-на-радиостаниците-и-за-уделот-во-вкупната-гледаност-на-телевизиските-станици-годишен-извештај-за-2022-година_compressed.pdf

## Телевизии на државно ниво преку неограничен ресурс

Заедничките приходи на шесте телевизии кои емитуваат програма преку неограничен ресурс на ниво на целата држава изнесуваат 107,28 милиони денари и тие се најниски во периодот од последните пет години. Во однос на претходната година тие се намалиле за 32%, што исто како и кај терестријалните телевизии на државно ниво се должи, пред сè, на приходите што во 2021 година ги оствариле од платено политичко рекламирање (53,66 милиони денари) и на финансиската помош што им беше доделена за покривање на надоместокот за дозволата за телевизиско емитување (15,47 милиони денари). Во 2022 година, Агенцијата на овие телевизии им го намали за 50% надоместокот за дозволата, во вкупен износ од 7,25 милиони денари.

Слика 16: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години[19]




Компани 21-М остварила највисоки приходи во анализираната година - 49 милиони денари, односно речиси половина од вкупно остварените приходи во овој сегмент од индустријата. 24 Вести остварила вкупни приходи во износ од 38,36 милиони денари, додека приходите на останатите телевизии се значително пониски - Наша ТВ остварила 7,62

[19] Во вкупните приходи на телевизиите во 2018 година се вклучени и приходите коишто ги остварила 1 ТВ, во висина од 39,23 милиони денари

милиони денари, Шења 7,59 милиони денари, Клан 4,56 милиони денари и Сонце 0,15 милиони денари.

Табела 10: Вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | Индекс 22/21 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 Вести | 88.98 | 66.87 | 66.35 | 54.01 | 38.36 | -28.98% |
| Клан | 14.49 | 10.26 | 12.54 | 20.25 | 4.56 | -77.48% |
| Компани 21-М | 31.51 | 32.20 | 40.01 | 63.16 | 49.00 | -22.42% |
| Наша ТВ | 2.42 | 6.44 | 9.35 | 5.05 | 7.62 | 50.89% |
| Сонце | 0.99 | 0.39 | 1.88 | 0.22 | 0.15 | -31.82% |
| Шења | 15.21 | 13.63 | 10.78 | 14.44 | 7.59 | -47.44% |
| **вкупно** | **153.60** | **129.79** | **140.91** | **157.13** | **107.28** | **-31.73%** |

Од 2018 година наваму, 24 Вести од година в година остварувала се помалку приходи, кои во 2022 година биле за 2,3 пати пониски отколку во 2018 година.

Во 2022 година, Клан и Шења оствариле забележително пониски вкупни приходи отколку во секоја од претходните четири години.

Слика 17: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години



Компани 21-М ги намалила приходите во однос на 2021 година, но сепак остварила повеќе приходи отколку во претходните три години.

84,35% од заедничките приходи на овие телевизии биле остварени од реклами, 3,35% биле од продажба на содржини (сите средства по оваа основа, во вкупен износ од 3,59 милиони денари, ги остварила Наша ТВ), а 12,30% биле останати и вонредни приходи.

Слика 18: Приходи од реклами на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2022 година




Најмногу приходи од рекламирање оствариле ТВ Комапни 21-М и ТВ 24 Вести.

Во периодот од 2018 до 2021 година телевизиите остваруваа и приходи од платено политичко рекламирање, кои имаа значително различни вредности во зависност од тоа дали станува збор за референдум, парламентарни, локални или претседателски избори. Во 2022 година се одржаа локални избори во општините Маврово и Ростуше, Центар Жупа и Тетово, а платено политичко рекламирање емитуваше само Компани 21-М за време на изборите за членови на Советот на Општина Тетово, од што остварила средства во износ од 3,47 милиони денари.

На сликата подолу се прикажани приходите од рекламирање што секоја од овие шест телевизии ги остварила само од комерцијално огласување, односно без приходите од платено политичко рекламирање.

Табела 11: Приходи од реклами (без ППР) на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| ТВ 24 Вести | 60.1 | 48.27 | 41.19 | 35.26 | 30.95 |
| Наша ТВ | 2.15 | 3.66 | 2.58 | 1.49 | 1.63 |
| ТВ Компани 21-М | 22 | 15.4 | 15.14 | 32.13 | 45.07 |
| ТВ Шења | 14.06 | 13.26 | 3.97 | 3.24 | 7.04 |
| ТВ Клан | 0.74 | 1.12 | 0.47 | 3.81 | 2.19 |
| ТВ Сонце | 0.11 | 0.26 | 0.17 | 0.2 | 0.14 |

Приходите од рекламирање на 24 Вести во континуитет се намалувале, достигнувајќи најнизок износ во анализираната година (30,95 милиони денари), и тоа двојно помал од оној во 2018 година.

Забележлив е континуиран пад и на приходите од рекламирање на Шења во периодот од 2018 до 2021 година, но во 2022 година оваа телевизија успеала да оствари повеќе приходи отколку во претходните две пандемиски години.

Кај Компани 21-М овие приходи опаѓале од 2018 до 2020 година, а од 2021 година почнале да растат. Останатите три телевизии (Наша ТВ, Сонце и Клан) имаат незначително учество во вкупните приходи од рекламирање на овој сегмент од телевизискиот пазар.

Шесте телевизии заедно потрошиле 178,85 милиони денари. Помалку средства од 2018 година навака биле потрошени само во 2021 година.

Слика 19: Движење на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години[20]




[20] Во вкупните трошоци на телевизиите во 2018 година се вклучени и трошоците коишто ги направила 1 ТВ, во висина од 37,36 милиони денари

Директните трошоци за продукција на програма, во кои влегуваат материјалните и нематеријалните трошоци, како и трошоците за плати на вработените директно поврзани со производство на програмски содржини се највисоки и претставуваат 60% од вкупните трошоци (вкупен износ од 106,78 милиони денари).

Табела 12: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс

| | **Износ (во милиони ден.)** |
|---|---:|
| Материјални трошоци | 9.03 |
| Трошоци за набавка на програма | 10.41 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 7.39 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 90.36 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **117.19** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 14.62 |
| Амортизација на опремата | 9.51 |
| Амортизација на права и лиценци | 1.54 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 5.88 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 28.81 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **177.56** |
| Расходи од други активности | 0.00 |
| Вонредни расходи | 1.29 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **178.85** |

Во однос на претходната година, за производство на програма шесте телевизии потрошиле 14,26 милиони денари повеќе. Освен 24 Вести, која издвоила помалку средства за оваа намена, останатите телевизии потрошиле повеќе.

Слика 20: Трошоци за производство на програма на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2021 и 2022 година




Од трошоците за производство на програма, најголема трошковна ставка биле трошоците за плати за вработените кои биле директно поврзани со производството на програмата, во износ од 90 милиони денари. 24 Вести потрошила најмногу за плати на овие лица – 40,04 милиони денари, што е очекувано, имајќи предвид дека во оваа телевизија имало најголем број на вработени (просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 90 лица). Позначајни износи биле потрошени и од страна на Клан (19,77 милиони денари) и Компани 21-М (14,50 милиони денари).

За набавка на содржини телевизиите заедно потрошиле 10,41 милион денари. Од нив, 45% (износ од 4,71 милион денари) биле трошоците на 24 Вести. Од шесте телевизии, само Компани 21-М немала ваков вид на трошок.

Заедничкиот финансиски резултат од работењето на овие шест телевизии бил загуба од 71,58 милиони денари. Ако се споредат податоците за последните пет години, полош финансиски резултат отколку во 2022 година овие телевизии имале само во 2018 година, кога работеле со загуба од 80,53 милиони денари. Имено, во овој период телевизиите заедно ниту еднаш не оствариле добивка.

Гледано засебно по телевизии, со добивка во анализираната година (и тоа незначителна, од само 0,15 милиони денари) работела само Компани 21-М. Останатите пет прикажале загуба, при што најголема била загубата на Клан, која изнесувала 31,72 милиони денари.

24 Вести, Наша ТВ и Сонце во континуитет работеле со загуба, при што најголема загуба 24 Вести имала во 2022 година (20,87 милиони денари), а Наша ТВ и Сонце во 2018 година (11,44 милиони денари, односно 19,57 милиони денари). Компани 21-М остварила добивка само во 2021 и 2022 година, Шеќа во 2019 и во 2021 година, а Клан само во 2018 година.

Слика 21: Движење на финансискиот резултат на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години



Просечниот број на вработени во редовен работен однос се намалил за 19 лица во однос на 2021 година и изнесувал 209 лица, а вкупниот број на 31.12.2022 година изнесувал 310 лица (233 во редовен работен однос и 77 хонорарци). Освен кај Наша ТВ, кај која се зголемил просечниот број на вработени за шест лица, кај останатите телевизии има намалување, и тоа: кај 24 Вести за осум лица, кај Компани 21-М за три лица, кај Шења за осум лица, кај Клан за четири лица и кај Сонце за две лица. Најмногу вработени лица во 2022 година имало во 24 Вести.

Слика 22: Просечен број и вкупен број на вработени во телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс




И оваа година најгледана од шесте телевизии била 24 Вести, чијшто просечен дневен досег изнесувал 9,70%, а просечен неделен досег 15,36%. Најмала гледаност имала Сонце.

Слика 23: Просечен дневен и неделен досег на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс



## Телевизии на регионално ниво

На почетокот од 2022 година, програма на регионално ниво емитуваа 18 телевизии. Во март телевизија Сити престана со вршење на дејноста, со што дозволата на оваа телевизија престана да важи по сила на закон. До крајот на годината, бројот на телевизии кои емитуваа програма на регионално ниво изнесуваше 17, но во Анализата се обработени податоците за 16 телевизии, бидејќи Ирис не достави до Агенцијата податоци за своето економско работење во 2022 година.

Вкупните приходи кои во 2022 година ги оствариле овие 16 телевизии изнесувале 61,49 милиони денари. Во однос на 2021 година тие бележат пад од 38%. Меѓутоа, треба да се има предвид дека во вкупните приходи од минатата година се вклучени и финансиската помош која им беше доделена на регионалните телевизии за справување со последиците од пандемијата, во износ од 10,72 милиони денари, како и приходите од платено политичко рекламирање за време на локалните избори, во износ од 38,37 милиони денари.

Во 2022 година, за полесно справување со последиците од пандемијата и од енергетската криза, Агенцијата на регионалните телевизии им го намали трошокот за 50% кој требаше да го платат за дозволата за емитување, во вкупен износ од 3,23 милиони денари.

Слика 24: Движење на вкупните приходи на регионалните телевизии во последните пет години



Пад на приходите во однос на минатата година има во секој регион. Најзабележителен е во регионите Д6 и Д7, каде тие опаѓаат за над 50%.

Табела 13: Вкупни приходи на регионалните телевизии во последните пет години (по радиодифузни региони)

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | стапка на раст 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Д1-Скопје | 31.12 | 24.77 | 29.3 | 25.18 | 16.52 | -34.39% |
| Д1-Велес | 2.31 | 3.76 | 2.08 | 4.13 | 2.69 | -34.87% |
| Д2 | 2.71 | / | / | / | / | / |
| Д3 | 10.19 | 10.34 | 10.91 | 14.72 | 11.34 | -22.96% |
| Д4 | 7.87 | 10.79 | 11.75 | 10.46 | 6.37 | -39.10% |
| Д5 | 7.04 | 11.57 | 9.58 | 15.2 | 8.74 | -42.50% |
| Д6 | 5.14 | 6.84 | 5.01 | 8.45 | 2.59 | -69.35% |
| Д7 | 0.02 | 0.49 | 0.36 | 0.64 | 0.07 | -89.06% |
| Д8 | 10.60 | 10.76 | 14.67 | 20.41 | 13.17 | -35.47% |

Гледајќи ги засебно, тренд на опаѓање на вкупните приходи има кај секоја телевизија, а најмногу кај Топестрада (за 93%), кај Шутел (за 90%) и кај Телевизија 3 (за 89%).

Табела 14: Вкупни приходи на регионалните телевизии во 2021 и 2022 година

| ТВ | 2021 | 2022 | стапка на раст 2022/2021 | ТВ | 2021 | 2022 | стапка на раст 2022/2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТВ Едо | 2.99 | 2.90 | -3.01% | ТВ Кобра | 1.75 | 1.17 | -33.14% |
| ТВ Ера | 12.08 | 8.40 | -30.46% | ТВ Тера | 15.20 | 8.74 | -42.50% |
| ТВ МТМ | 6.85 | 4.91 | -28.32% | ТВ М | 8.45 | 2.59 | -69.35% |
| ТВ Шутел | 3.25 | 0.31 | -90.46% | Телевизија 3 | 0.64 | 0.07 | -89.06% |
| ТВ КТВ | 4.13 | 2.69 | -34.87% | ТВ Коха | 12.84 | 8.05 | -37.31% |
| ТВ Ирис | 1.81 | н.п. | | ТВ Полог | 1.49 | 0.53 | -64.43% |
| ТВ Стар | 10.35 | 9.88 | -4.54% | ТВ Топестрада | 1.22 | 0.08 | -93.44% |
| ТВ М Нет-ХД | 2.56 | 1.46 | -42.97% | ТВ К&М | 4.86 | 4.52 | -7.00% |
| ТВ Канал Вис | 8.71 | 5.20 | -40.30% | | | | |

Во структурата на приходите најголемо учество имаат приходите од реклами (55%). Во 2022 година тие изнесувале 34,08 милиони денари. Во овој износ се вклучени и приходите од реклами од платено политичко рекламирање (ППР) за време на локалните избори за

членови на Советот на Општина Тетово. Само три телевизии емитуваа ППР, и тоа: Коха, која остварила приход во износ од 2,13 милиони денари, Полог во износ од 0,47 милиони денари и К&М во износ од 2,09 милиони денари.

Шутел, Топестрада, Телевизија 3 и Полог се финасирале само од рекламирање, односно 100% од вкупните приходи на овие четири телевизии се од реклами.

Слика 25: Приходи од реклами и вкупни приходи на регионалните телевизии



Единствено МТМ и Тера прикажале приходи од продажба на содржини (0,04 милиони денари, односно 2,19 милиони денари), а Тера била и единствената телевизија којашто прикажала приходи од услуги обезбедени на трети страни (2,59 милиони денари) и приходи од други дејности (0,15 милиони денари). Приходи од спонзорства на емисии во 2022 година имале Кобра (0,09 милиони денари) и ТВ М (0,91 милион денари).

Слика 26: Структура на приходите на регионалните телевизии




Оваа година регионалните телевизии потрошиле најмалку во последните пет години. Нивните заеднички трошоци изнесувале 73,08 милиони денари, што е за 20% помалку во споредба со минатата година.

Слика 27: Движење на вкупните трошоци на регионалните телевизии во последните пет години




Највисоки вкупни трошоци прикажала Ера – 12,63 милиони денари, а најниски Шутел - 0,22 милиони денари.

Повеќе од половина од вкупните трошоци се директните трошоци за создавање програма (63%), кои во последните пет години во континуитет опаѓаат, со исклучок на 2021 година, кога има незначителен пораст во однос на претходната година. Трошоците за набавка на содржини во однос на 2021 година се намалиле за 69%, а трошокот за производство на програмски содржини за 11%.

Табела 15: Директни трошоци на регионалните телевизии за создавање програма во последните пет години

| | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| сопствено производство | 58.11 | 51.24 | 50.9 | 50.51 | 44.96 |
| набавка на содржини | 2.73 | 3.08 | 3.34 | 3.96 | 1.21 |
| **директни трошоци за создавање програма** | **60.84** | **54.32** | **54.24** | **54.47** | **46.17** |

Во табелата подолу е прикажана структурата на трошоците на регионалните телевизии, од која може да се види дека платите на вработените кои се директно поврзани со производство на програма претставувале половина од вкупните трошоци на регионалните телевизии и изнесувале 36,25 милиони денари. Најмногу средства за плати за вработените издвоила Стар - 8,03 милиони денари.

Табела 16: Структура на трошоците на регионалните телевизии

| | **Износ (во милиони ден.)** |
|---|---|
| Материјални трошоци | 6.15 |
| Трошоци за набавка на програма | 1.21 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.56 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 36.25 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **46.17** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 2.74 |
| Амортизација на опремата | 5.20 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.85 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 5.93 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 9.09 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **69.98** |
| Расходи од други активности | 0.21 |
| Вонредни расходи | 2.89 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **73.08** |

За разлика од минатата година, кога регионалните телевизии заедно прикажале добивка од работењето (5,82 милиони денари), 2022 година ја завршиле со загуба од 11,63 милиони денари. Само седум телевизии имале позитивен финансиски резултат на крајот од годината, а останатите девет работеле со загуба. Највисока добивка имала Тера – 0,71 милион денари, а највисока загуба прикажала Ера – 4,23 милиони денари.

Слика 28: Финансиски резултат на регионалните телевизии во последните пет години




Во 2022 година се намалил бројот на вработени во редовен работен однос за 23 лица, како и просечниот број на вработени за 24 лица, додека пак бројот на вработени со хонорарен ангажман се зголемил за 14 лица. На крајот на годината во редовен работен однос вкупно биле вработени 106 лица, хонорарно ангажирани биле 92 лица, а просечниот број на вработени во редовен работен однос бил 94 лица.

Табела 17: Просечен број и вкупен број на вработени во регионалните телевизии

| | Просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | |
|---|---|---|---|
| | | **рро** | **хон** |
| ТВ Едо | 8 | 8 | 8 |
| ТВ Ера | 19 | 25 | 0 |
| ТВ МТМ | 3 | 3 | 7 |
| ТВ Шутел | н.п | 0 | 11 |
| ТВ КТВ | 6 | 6 | 6 |
| ТВ Стар | 8 | 9 | 6 |
| ТВ М Нет-ХД | 4 | 4 | 7 |
| ТВ Канал Вис | 6 | 8 | 0 |
| ТВ Кобра | 4 | 4 | 9 |
| ТВ Тера | 10 | 10 | 4 |
| ТВ М | 8 | 8 | 4 |
| Телевизија 3 | 3 | 4 | 4 |
| ТВ Коха | 10 | 10 | 3 |
| ТВ Полог | 1 | 1 | 9 |
| ТВ Топестрада | 1 | 1 | 6 |
| ТВ К&М | 3 | 5 | 8 |
| **Вкупно** | **94** | **106** | **92** |

Според податоците за досегот на радиостанците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици, најгледана регионална телевизија била Коха, со просечен неделен досег од 23,5%. Уделот во гледаноста во регионот бил највисок на Телевзија 3 – 4,15%.

Слика 29: Удел во гледаноста во регионот и просечен неделен досег на регионалните телевизии



## Телевизии на локално ниво

Телевизиска програма на локално ниво на почетокот од годината емитуваа 15 телевизии. Во октомври престана да важи дозволата на една телевизија (Канал 21 од Велес), поради што Агенцијата не располага со податоци за нејзиното работење во 2022 година, а на почетокот од декември започна со работа нов субјект (ТВ Њуз од Куманово).

Локалните телевизии заедно оствариле приходи во износ од 10,19 милиони денари и тие се најниски од 2018 година до сега. Во сите претходни години тие остварувале значителни приходи од платено политичко рекламирање, и тоа: за време на локалните избори во 2021 година оствариле вкупно 25,61 милион денари, за време на парламентарните избори во 2020 година оствариле 9,36 милиони денари, за време на претседателските избор во 2019 година оствариле 11,4 милиони денари, а од медиумското покривање на референдумот во 2018 година оствариле 0,91 милион денари. Во 2022 година, заради справување со последиците од пандемијата и заради олеснување на работата поради енергетската криза, Агенцијата им го намали за 50% износот којшто требаше телевизиите да го платат за дозволата за емитување – во вкупна вредност од 0,97 милиони денари за сите локални телевизии заедно.

Слика 30: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии во последните пет години



Сите телевизии оствариле помалку приходи отколку во 2021 година. Највисоки приходи во анализираната година, во висина од 2,52 милиони денари, остварила Г-ТВ, а позначителен износ имала и Плус – 2,3 милиони денари. Овие две телевизии заедно оствариле речиси половина од вкупните приходи на сите локални телевизии. Телевизија Њуз започна со работа во декември 2022 година и до крајот на годината не остварила воопшто приходи од своето работење.

Од вкупно 10,19 милиони денари, 7,30 милиони биле остварени од рекламирање. Најмногу приходи по овој основ оствариле Плус (1,39 милиони денари) и Г-ТВ (1,27 милиони денари), а најмалку Здравкин (0,03 милиони денари) и Спектра (0,08 милиони денари).

Табела 18: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните телевизии во 2022 година

| | **вкупни приходи** | **приходи од реклами** |
|---|---|---|
| Феста | 0.13 | 0.13 |
| ТВ К | 0.84 | 0.78 |
| Канал 8 | 0.59 | 0.56 |
| Протел | 0.85 | 0.78 |
| Здравкин | 0.03 | 0.03 |
| Свет | 0.73 | 0.17 |
| Калтрина | 0.16 | 0.16 |
| Спектра | 0.08 | 0.08 |
| Дибра | 0.18 | 0.18 |
| Гурра | 0.43 | 0.42 |
| Дуе | 0.91 | 0.91 |
| Г-ТВ | 2.52 | 1.27 |
| Плус | 2.3 | 1.39 |
| Ускана медиа | 0.44 | 0.44 |
| Њуз | 0 | 0 |

Доколку се согледа состојбата само во однос на комерцијалното рекламирање, имајќи предвид дека приходите од платено политичко рекламирање во претходните четири години имаат значителни различни вредности, очигледно е дека постои тренд на континуирано опаѓање, така што нивната вредност во 2022 година е дури за 55% пониска отколку во 2018 година.

Слика 31: Движење на приходите од реклами (без ППР) на локалните телевизии во последните пет години




Покрај приходите од рекламирање, позначаен износ претставувале и останатите приходи во износ од 2,14 милиони денари, од кои 96% ги оствариле Г-ТВ и Плус.

Приходи од продажба на содржини имала само Плус (0,11 милиони денари), додека приходи од услуги обезбедени на трети страни имала само Свет (0,55 милиони денари).

Вкупните средства што ги потрошиле локалните телевизии изнесуваат 19,76 милиони денари, што е за речиси 10 милиони денари помалку отколку во 2021 година. Воедно, во последните пет години, ова е најмал износ на трошоци што го направиле овие телевизии.

Слика 32: Движење на вкупните трошоци на локалните телевизии во последните пет години



Највисоки трошоци, и речиси ист износ како и во 2021 година, биле направени за плати и други надоместоци на лицата кои биле директно поврзани со производство на програмата. Имено, за оваа намена во 2022 година биле потрошени 10,78 милиони денари, од кои повеќе од половината (6,26 милиони денари) ги направиле четири телевизии – Плус (2,46 милиони денари), Протел (1,45 милиони денари), Г-ТВ (1,31 милион денари) и Калтрина (1,04 милиони денари).

Другите трошоци за производство на програма (материјални и нематеријални трошоци) изнесувале 5,08 милиони денари, додека за набавка на содржини телевизиите потрошиле 0,37 милиони денари.

Табела 19: Структура на трошоците на локалните телевизии

| | **Износ (во милиони ден.)** |
|---|---|
| Материјални трошоци | 2.59 |
| Трошоци за набавка на програма | 0.37 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 2.48 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 10.78 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **16.22** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 0.15 |
| Амортизација на опремата | 1.20 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 0.60 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 1.40 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **19.57** |
| Расходи од други активности | 0.01 |
| Вонредни расходи | 0.18 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **19.76** |

Само Г-ТВ остварила добивка во 2022 година, и тоа незначителен износ од само 0,03 милиони денари. Останатите телевизии работеле со загуба.

Наспроти 9,4 милиони денари добивка, колку што оствариле локалните телевизии во 2021 година, речиси исто толку, односно 9,58 милиони денари изнесува нивната загуба во 2022

година. Овој е најлош финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во периодот од 2018 до 2022 година.

Слика 33: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во последните пет години




Просечниот број на вработени во редовен работен однос останал ист како и претходната година, односно изнесувал 37 лица. На крајот од годината, вкупниот број на редовно вработени бил 38 лица, а вкупниот број на хонорарно ангажирани изнесувал 64 лица.

Табела 20: Просечен и вкупен број на вработени во локалните телевизии

| | **Просечен број на вработени во рро** | **вкупен број на вработени на 31.12.2022** | |
|---|---|---|---|
| | | **рро** | **хон** |
| ТВ Феста | 1 | 1 | 6 |
| ТВ К | 2 | 2 | 3 |
| ТВ Канал 8 | 2 | 2 | 4 |
| ТВ Протел | 4 | 4 | 2 |
| ТВ Здравкин | 1 | 1 | 5 |
| ТВ Свет | 1 | 1 | 5 |
| ТВ Калтрина | 3 | 5 | 6 |
| ТВ Спектра | 1 | 2 | 3 |
| ТВ Дибра | 3 | 3 | 6 |
| ТВ Гурра | 1 | 1 | 5 |
| ТВ Дуе | 3 | 3 | 3 |
| Г-ТВ | 6 | 4 | 2 |
| ТВ Плус | 7 | 7 | 4 |
| ТВ Ускана медиа | 1 | 2 | 5 |
| ТВ Њуз | 1 | 0 | 5 |
| **Вкупно** | **37** | **38** | **64** |

Највисок просечен неделен досег и најголем удел во гледаноста во регионот во кој емитуваат програма имале Свет и Ускана Медиа.

Слика 34: Просечен неделен досег и удел во гледаноста во регионот на локалните телевизии



## Радиосаници на државно ниво

Вкупните приходи на Антена 5, Канал 77, Метрополис и Јон изнесуваат 71,55 милиони денари и тие се највисоки приходи остварени во овој сегмент од радискиот пазар во периодот од 2018 до 2022 година. Во однос на претходната година, тие се повисоки за 11%.

Слика 35: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво во периодот од 2018 до 2022 година




Речиси половина од остварените средства се приходите на Канал 77, во вкупен износ од 33,89 милиони денари. Оваа радиостаница, освен во 2019 година, во периодот од последните пет години секогаш остварувала највисоки приходи во споредба со другите субјекти на овој пазар. Приходите на Антена 5 изнесуваат 28,84 милиони денари, на Метрополис 7,22 милиони денари и на Јон 1,6 милиони денари.

Во однос на претходната година, вкупните приходи на Антена 5 и Канал 77 се зголемиле (за 5,37 милиони денари, односно за 3,42 милиони денари), а на Метрополис и на Јон се намалиле (за 0,43 милиони денари, односно за 1,31 милиони денари).

Слика 36: Движење на поединечните приходи на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Главен извор на финансирање за сите четири радиостаници била продажбата на времето за рекламирање.

Кај Антена 5 од реклами биле 99,7% од вкупните приходи, кај Канал 77 – 65,7%, кај Метрополис 70,6%, а кај Јон 100% од приходите биле остварени по овој основ. Најголемо учество во приходите од реклами на четирите радиостаници имала Антена 5 – 49,8%, односно вкупен износ од 28,75 милиони денари.

Слика 37: Структура на приходите кај радиостаниците на државно ниво



Во анализираната година четирите радиостаници добија донација од Агенцијата која се состоеше во намалување на нивниот надоместок за дозвола за радио емитување за 2022 година за 50%, односно за вкупно 1,38 милиони денари за сите четири радија.

Трошоците кои ги направиле радијата изнесуваат 71,77 милиони денари. Во последните пет години, вкупните трошоци бележат пад само во 2019 година во однос на 2018 година (за 5,8%). Од 2019 година наваму тие во континуитет растат.

Слика 38: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво во последните пет години




Најголем дел од потрошените средства (63% од вкупните трошоци) биле директни трошоци за создавање програма, односно трошоци за производство на програма (кои ги опфаќаат материјалните трошоци, нематеријалните трошоци и платите за лицата кои се директно поврзани со производство на програмата) и трошоци за набавка на содржини.

Целиот износ на потрошени средства за набавка на програма, вкупно 1,24 милиони денари, го направила Антена 5.

За производство на програма Канал 77 издвоила 26,79 милиони денари, Антена 5 – 9,79 милиони денари, Јон - 4,04 милиони денари и Метрополис – 3,48 милиони денари.

Табела 21: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво

| | Износ (во милиони ден.) |
|---|---|
| Материјални трошоци | 14.34 |
| Трошоци за набавка на програма | 1.24 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 13.89 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 15.87 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **45.34** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3.12 |
| Амортизација на опремата | 5.88 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 5.27 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 9.70 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **69.32** |
| Расходи од други активности | 0.31 |
| Вонредни расходи | 2.14 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **71.77** |

Добивка во анализираната година оствариле Антена 5 (1,62 милиони денари), Канал 77 (0,16 милиони денари) и Метрополис (0,05 милиони денари), а Јон работела со загуба (од 2,44 милиони денари). Во периодот од 2018 до 2022 година, со исклучок на радио Јон, кое секоја година имало загуба, останатите радиостаници во котинуитет прикажувале добивка, со тоа што добивката на Антена 5 секогаш била највисока.

Слика 39: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво во последните пет години

| | Антена 5 | Канал 77 | Метрополис | Јон |
|---|---|---|---|---|
| **2018** | 0.37 | 0.33 | 0.1 | / |
| **2019** | 1.9 | 0.19 | 0.04 | -1.75 |
| **2020** | 2.04 | 0.02 | 1.65 | -4.26 |
| **2021** | 4.3 | 0.4 | 1.02 | -3.65 |
| **2022** | 1.62 | 0.16 | 0.05 | -2.44 |

Вкупниот број на вработени на 31 декември 2022 година изнесувал 69 лица, додека просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 46 лица. Најмногу редовно вработени на крајот од година имало во Канал 77 (17 лица), а најмногу хонорарци во Јон (9 лица).

Табела 22: Просечен и вкупен број на вработени во радиостаниците на државно ниво

| | Просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | |
|---|---|---|---|
| | | **рро** | **хон** |
| Антена 5 | 15 | 15 | 6 |
| Канал 77 | 17 | 17 | 2 |
| Метрополис | 10 | 12 | 4 |
| Јон | 4 | 4 | 9 |
| **Вкупно** | **46** | **48** | **21** |

Најслушана радиостаница била Антена 5, за којашто 10,4% од испитаниците одговориле дека ја слушале во претходниот ден (просечен дневен досег), односно 21,5% во текот на претходната недела (просечен неделен досег).

Слика 40: Просечен дневен и неделен досег на радиостаниците на државно ниво

Дневен досег:

- Антена 5 – 10,4%
- Канал 77 – 7,2%
- Метрополис - 1,8%
- Јон – 1,1%




Неделен досег:

- Антена 5 – 21,5%
- Канал 77 – 15%
- Метрополис – 4,3%
- Јон – 3,1%

## Радиостаници на регионално ниво

Во 2022 година, 16-те регионални радија[21] заедно оствариле приходи во износ од 59,30 милиони денари. Во последните пет години, повисоки вкупни приходи тие прикажале само во 2020 година, и тоа незначителен износ од 1,54 милиони денари.

Слика 41: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници во периодот од 2018 до 2022 година




Највисоки приходи и оваа година остварила Буба Мара – износ од 14,70 милиони денари, односно 4,29 милиони повеќе отколку претходната година. Најниски, пак, биле приходите на Лидер, во висина од само 0,08 милиони денари.

Радиостаниците главно се финансирале од продажба на времето за рекламирање. Од комерцијалните радиостаници, најмногу приходи по оваа основа остварила Буба Мара (9,19 милиони денари), а позначаен износ прикажало и Спортско радио 90,3ФМ (7,94 милиони денари). Единствено Џез ФМ имала повеќе вонредни приходи отколку приходи од рекламирање.

[21] Програма на регионално ниво на почетокот од годината емитуваа 17 регионални радиостаници. Во јули престана да важи дозволата на РА Капитол ФМ, поради што Агенцијата не располага со податоци за нејзиното економско работење за периодот додека ја вршеше дејноста.

Табела 23: Вкупни приходи и приходи од реклами на регионалните радиостаници

| | вкупни приходи | приходи од реклами |
|---|---|---|
| Арачина | 1.43 | 1.42 |
| Буба Мара | 14.70 | 9.19 |
| Ват | 4.44 | 4.43 |
| Зона М-1 | 0.79 | 0.79 |
| Урбан | 1.20 | 1.18 |
| Клуб ФМ | 2.44 | 2.43 |
| Лајф ФМ | 2.82 | 2.82 |
| Роса АБ | 0.95 | 0.89 |
| РФМ | 0.42 | 0.40 |
| Сити | 5.30 | 5.16 |
| Скај | 5.06 | 4.96 |
| Лидер | 0.08 | 0.08 |
| Спортско 90,3 ФМ | 9.23 | 7.94 |
| Студент ФМ 92.9 | 3.84 | 0.00 |
| Фортуна | 6.02 | 6.02 |
| Џез ФМ | 0.58 | 0.07 |

Реализираните средства од категоријата „останати приходи“ учествуваа речиси со 9% во структурата на приходите, односно истите во апсолутен износ изнесуваа 5,18 милиони денари.

Освен од реклами и останати приходи, друг вид на приход оствариле само Буба Мара (4,80 милиони денари од услуги обезбедени на трети страни), РФМ (0,02 милиони денари од продажба на содржини), Спортското радио 90,3 ФМ (1,01 милион денари од спонзорства) и Џез ФМ (0,51 милион денари вонредни приходи).

Во споредба со 2021 година, повисоки приходи во 2022 година оствариле радиостаниците Буба Мара, Клуб ФМ, Лајф, РФМ, Скај, Спортско радио 90,3 ФМ и Фортуна. Кај останатите има пад на приходите.

Во 2022 година регионалните радија направиле највисоки трошоци од 2018 година до сега - 57,81 милион денари.

Слика 42: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници
во периодот од 2018 до 2022 година




Најмногу средства тие потрошиле за плати и други надоместоци на лицата директно поврзани со производство на програмата – вкупно 28,76 милиони денари. Од нив, повеќе од половината биле трошоците кои заедно ги направиле Буба Мара (5,38 милиони денари), Спортско радио 90,3 ФМ (5,26 милиони денари) и Фортуна (4,74 милиони денари). Останатите трошоци за производство на програма (материјални и нематеријални трошоци) изнесувале 9,20 милиони денари.

Трошоци за набавка на содржини имале само пет радиостаници - Клуб ФМ, Сити, Спортско радио 90,3 ФМ , Фортуна и Џез ФМ.

Табела 24: Структура на трошоците на регионалните радиостаници

| | **Износ (во милиони ден.)** |
|---|---|
| Материјални трошоци | 3.29 |
| Трошоци за набавка на програма | 3.50 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 5.91 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 28.76 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **41.45** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 5.08 |
| Амортизација на опремата | 1.95 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.11 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 2.46 |

| | |
|---|---|
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 6.65 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **57.70** |
| Расходи од други активности | 0.11 |
| Вонредни расходи | 0.00 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **57.81** |

Заедничкиот финансиски резултат од работењето на радистаниците бил загуба од 0,58 милиони денари. Девет комерцијални радиостаници оствариле добивка од работењето, а шест загуба.

И оваа година, највисока добивка имала Скај (1,17 милиони денари). Најголема загуба, пак, остварила Урбан ФМ (еден милион денари).

Слика 43: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници




Просечниот број на вработени во редовен работен однос изнесувал 48 лица. Најмногу вработени имало во Спортско радио 90,3 ФМ (седум лица), додека најмногу хонорарци биле ангажирани во Зона М-1 и Лидер (по десет лица).

Табела 25: Просечен и вкупен број на вработени во регионалните радиостаници

| | Просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | |
|---|---|---|---|
| | | рро | хон |
| Арачина | 1 | 1 | 5 |
| Буба Мара | 6 | 6 | 6 |
| Ват | 4 | 4 | 4 |
| Зона М-1 | 1 | 1 | 10 |
| Урбан | 3 | 3 | 2 |
| Клуб ФМ | 5 | 5 | 2 |
| Лајф ФМ | 4 | 3 | 2 |
| Роса АБ | 2 | 2 | 3 |
| РФМ | н.п. | 0 | 8 |
| Сити | 5 | 5 | 3 |
| Скај | 4 | 4 | 2 |
| Лидер | 0 | 0 | 10 |
| Спортско радио 90,3 ФМ | 7 | 7 | 3 |
| Универзитетско радио СТУДЕНТ ФМ 92.9 | 0 | 0 | 7 |
| Фортуна | 5 | 6 | 0 |
| Џез ФМ | 1 | 1 | 4 |
| **Вкупно** | **48** | **48** | **71** |

Трите најслушани регионални радиостаници во 2022 година се Буба Мара, Фортуна и Сити.

Табела 26: Просечен неделен досег на регионалните радиостаници

| радиостаница | просечен неделен досег | радиостаница | просечен неделен досег |
|---|---|---|---|
| РА Буба Мара | 15.2% | РА Роса АБ | 2.5% |
| РА Фортуна | 11.6% | РА Клуб ФМ | 0.8% |
| РА Сити | 11.0% | РА Урбан | 0.4% |
| РА Скај | 9.7% | РА Лидер | 0.4% |
| РА Зона М-1 | 6.5% | РА Џез ФМ | 0.4% |
| РА Ват | 3.4% | РА Капитол | 0.4% |
| Спортско радио 90,3 ФМ | 3.0% | Студент ФМ 92.9 | 0.2% |
| РА Лајф ФМ | 2.9% | РА РФМ | 0.0% |
| РА Арачина | 2.5% | | |

## Радиостаници на локално ниво

На почетокот од годината програма на локално ниво емитувале вкупно 45 радиостаници. Во јули 2022 година престана да важи дозволата на радиостаницата Лав, а во јануари 2023 година престана и важноста на дозволата на Скај радио плус. Поради тоа, во Анализата се обработени податоците за економското работење на 43 локални радиостаници.

Вкупните приходи на овие радиостаници изнесувале 40,36 милиони денари и тие се за 14% пониски од претходната година. Оваа разлика најмногу се должи на приходите кои радиостаниците ги оствариле во 2021 година од платено политичко рекламирање (во износ од 3,21 милион денари) и на финансиската помош за покривање на надоместокот за дозволата (во износ од 0,96 милиони денари).

Во 2022 година Агенцијата им го намали на локалните радиостаници за 50% износот на средствата коишто требаше да го платат за дозволите за радиоемитување, во висина од вкупно 0,42 милиони денари.

Слика 44: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2022 година




Радиостаницата Кавадарци остварила највисоки приходи - 5,07 милиони денари, од кои 2,10 милиони денари биле од реклами, 1,77 милиони денари од останати приходи и 1,20 милиони денари од други дејности. Најниски приходи од комерцијалните радиостаници имала Импулс - 0,03 милиони денари, а Ускана-Плус не остварила приходи по ниту еден основ.

Од трите непрофитни радиостаници (Универзитетско радио УКЛО ФМ, Универзитетско радио УГД ФМ и Марија-Благовест), само Марија-Благовест прикажала приходи, и тоа износ од 3,32 милиони денари.

Продажбата на времето за рекламирање била главен извор на приход за речиси сите локални радиостаници. Имено, учеството на приходите од реклами во вкупните приходи било пониско од 50% само кај три радија – кај Балкан ФМ (27% од приходите биле од реклами), кај Кавадарци (42% биле од реклами) и кај Ред ФМ (46% биле остварени од реклами).

Табела 27: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници

| РА | Вкупни приходи | Приходи од реклами | РА | Вкупни приходи | Приходи од реклами |
|---|---|---|---|---|---|
| 106 | 1.25 | 1.12 | Пулс | 1.01 | 1.00 |
| Б-97 | 0.46 | 0.38 | Супер | 2.05 | 2.05 |
| Валандово | 0.45 | 0.42 | Чоки | 0.29 | 0.29 |
| Голди | 0.68 | 0.68 | Мефф | 1.08 | 1.08 |
| Мерак 5 ФМ | 0.34 | 0.34 | Холидеј | 1.73 | 1.73 |
| Ла Коста | 0.24 | 0.13 | Пела | 0.98 | 0.81 |
| Комета | 0.67 | 0.63 | Еко | 0.18 | 0.18 |
| ПРО-ФМ | 0.31 | 0.21 | Модеа | 0.40 | 0.31 |
| Балкан ФМ | 0.39 | 0.10 | Свети Николе | 1.41 | 1.21 |
| Тајм | 1.51 | 1.44 | Плеј | 1.23 | 0.96 |
| Зора | 0.43 | 0.43 | Ррапи | 1.03 | 0.69 |
| Галакси-2002 | 0.91 | 0.91 | Експрес | 2.22 | 2.21 |
| Кавадарци | 5.07 | 2.10 | Хит | 1.25 | 1.25 |
| Александар Македонски | 0.11 | 0.09 | Блета | 0.96 | 0.82 |
| Акорд | 0.24 | 0.24 | Кисс | 0.75 | 0.42 |
| Медисон | 0.14 | 0.14 | Плус Форте | 0.64 | 0.64 |
| Ускана-Плус | 0.00 | 0.00 | Радио 7 | 1.46 | 0.99 |
| Кочани ФМ | 1.13 | 1.07 | Ред ФМ | 0.25 | 0.11 |
| Бум | 1.57 | 1.01 | Енџелс | 1.77 | 1.76 |
| Јехона ФМ | 0.45 | 0.43 | Импулс | 0.03 | 0.02 |

Учеството на „останатите приходи“ во вкупните приходи на радиостаниците на локално ниво било 18% (7,22 милиони денари), додека пак учеството на приходите од спонзорства, на приходите обезбедени од трети страни и од други дејности било незначително.

Слика 45: Структура на приходите на локалните радиостаници




Вкупните трошоци на локалните радиостаници изнесувале 41,54 милиони денари. Највисоки трошоци имала радиостаницата Кавадарци - 4,49 милиони денари, од кои 59% биле за плати за вработените.

Трошоци од работењето воопшто не прикажале Ускана Плус и Универзитетското радио УГД ФМ.

Слика 46: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници во периодот од 2018 до 2022 година



Како и претходните години, така и оваа година трошокот за плати за лицата кои се директно поврзани со производство на програма е највисока ставка во структурата на трошоците на локалните радиостаници (50%). Најмногу средства за оваа намена издвоило Универзитетското радио УКЛО ФМ (1,84 милиони денари), а само од комерцијалните радија најмногу издвоила радиостаницата Супер (1,50 милиони денари).

Табела 28: Структура на трошоците на локалните радиостаници

| | **Износ (во милиони ден.)** |
|---|---:|
| Материјални трошоци | 5.85 |
| Трошоци за набавка на програма | 0.85 |
| Нематеријални трошоци (услуги) | 4.68 |
| Плати и други надоместоци на лица директно поврзани со производство на програма | 20.90 |
| **Директни трошоци за создавање на програмата** | **32.28** |
| Плати и други надоместоци на лица кои не се директно поврзани со производство на програма | 3.31 |
| Амортизација на опремата | 1.00 |
| Амортизација на права и лиценци | 0.00 |
| Кирии и останати режиски трошоци | 1.21 |
| Сите останати неопфатени трошоци од работењето | 3.03 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **40.83** |
| Расходи од други активности | 0.70 |
| Вонредни расходи | 0.01 |
| **Вкупно трошоци на работењето** | **41.54** |

Во 2022 година, радиостаниците заедно оствариле позитивен финансиски резултат од 0,59 милиони денари. 27 радиостаници работеле со добивка, а 13 прикажале загуба од работењето. Највисока добивка имала Марија - Благовест (1,08 милиони денари), а највисока загуба Б-97 (0,44 милиони денари).

Бројот на вработени во редовен работен однос бил 81 лице, што е за десет лица помалку од минатата година, а хонорарно ангажирани биле 91 лице, односно три лица повеќе од 2021 година. Просечниот број на вработени во редовен работен однос бил 76 лица.

Табела 29: Просечен и вкупен број на вработени во локалните радиостаници

| радиостаница | просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | | радиостаница | просечен број на вработени во рро | вкупен број на вработени на 31.12.2022 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | рро | хон | | | рро | хон |
| РА 106 | 3 | 3 | 2 | РА Супер | 4 | 4 | 0 |
| РА Б-97 | 1 | 2 | 4 | РА 5 Чоки | 1 | 1 | 2 |
| Универзитетско радио УКЛО ФМ | 3 | 3 | 0 | РА Мефф | 1 | 1 | 3 |
| РА Валандово | 1 | 1 | 2 | РА Холидеј | 3 | 3 | 1 |
| РА Голди | 1 | 1 | 4 | РА Пела | 3 | 3 | 0 |
| РА Мерак 5 ФМ | н.п. | 1 | 3 | РА Еко | 1 | 1 | 3 |
| РА Ла Коста | 1 | 1 | 3 | РА Модеа | 1 | 1 | 2 |
| РА Комета | 1 | 1 | 2 | РА Свети Николе | 3 | 2 | 1 |
| РА ПРО-ФМ | 1 | 1 | 3 | РА Плеј | 2 | 2 | 1 |
| РА Балкан ФМ | 2 | 2 | 1 | РА Ррапи | 2 | 3 | 0 |
| РА Тајм | 4 | 4 | 2 | РА Експрес | 4 | 4 | 0 |
| РА Зора | 1 | 2 | 2 | РА Хит | 3 | 3 | 2 |
| РА Галакси-2002 | 2 | 3 | 2 | РА Блета | 1 | 2 | 2 |
| РА Кавадарци | 2 | 2 | 3 | РА Кисс | 2 | 2 | 2 |
| РА Александар Македонски | 1 | 1 | 2 | РА Плус Форте | 1 | 1 | 2 |
| РА Акорд | 1 | 1 | 4 | Радио 7 | 1 | 1 | 3 |
| РА Медисон | 1 | 1 | 2 | РА Ред ФМ | 1 | 1 | 3 |
| РА Ускана-Плус | н.п. | 0 | 4 | РА Енџелс ФМ | 4 | 4 | 0 |
| РА Кочани ФМ | 3 | 3 | 2 | Универзитетско радио УГД ФМ | 4 | 4 | 0 |
| РА Бум | 1 | 1 | 5 | РА Марија-Благовест | 2 | 2 | 2 |
| РА Јехона ФМ | 1 | 1 | 2 | РА Импулс | н.п. | 0 | 5 |
| РА Пулс | 1 | 1 | 3 | **Вкупно** | **76** | **81** | **91** |

Според податоците за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици во 2022 година, најслушана радиостаница била Тајм, со просечен неделен досег од 31,9%.

Табела 30: Просечен неделен досег на локалните радиостаници

| Радиостаница | Просечен неделен досег | Радиостаница | Просечен неделен досег |
|---|---|---|---|
| РА 106 | 11.1% | РА Супер | 17.4% |
| РА Б-97 | 4.8% | РА 5 Чоки | 2.7% |
| РА УКЛО ФМ | 1.6% | РА Мефф | 11.5% |
| РА Валандово | 20.6% | РА Холидеј | 17.0% |
| РА Голди | 7.2% | РА Пела | 13.0% |
| РА Мерак 5 ФМ | 9.6% | РА Еко | 12.7% |
| РА Ла Коста | 23.3% | РА Модеа | 14.4% |
| РА Комета | 5.0% | РА Свети Николе | 13.2% |
| РА ПРО-ФМ | 7.1% | РА Плеј | 7.1% |
| РА Балкан ФМ | 5.6% | РА Ррапи | 6.4% |
| РА Тајм | 31.9% | РА Експрес | 8.1% |
| РА Зора | 13.3% | РА Хит | 9.7% |
| РА Галакси-2002 | 6.9% | РА Блета | 20.8% |
| РА Кавадарци | 31.2% | РА Кисс | 6.8% |
| РА А. Македонски | 9.1% | РА Плус Форте | 5.0% |
| РА Акорд | 8.7% | РА 7 | 4.4% |
| РА Медисон | 5.3% | РА Ред ФМ | 4.4% |
| РА Ускана-Плус | 6.4% | РА Енџелс ФМ | 13.6% |
| РА Кочани ФМ | 12.5% | РА УГД ФМ | 1.8% |
| РА Бум | 11.4% | РА Марија - Благовест | 3.5% |
| РА Јехона ФМ | 6.5% | РА Импулс | 14.2% |
| РА Пулс | 7.4% | | |

ПРЕГЛЕД НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Клучни наоди ........ 7
Табела 2: Финансиски резултат од работењето на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери во последните пет години ........ 11
Табела 3: Структура на приходите на МРТ во 2022 година ........ 16
Табела 4: Структура на расходите на МРТ во последните пет години ........ 18
Табела 5: Поединечни вкупни приходи на терестријалните телевизии на државно ниво ........ 21
Табела 6: Структура на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво ........ 22
Табела 7: Структура на трошоците на терестријалните телевизии на државно ниво ........ 25
Табела 8: Финансиски резултат од работењето на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години ........ 26
Табела 9: Просечен и вкупен број на вработени во терестријалните телевизии на државно ниво . 27
Табела 10: Вкупни приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс ........ 29
Табела 11: Приходи од реклами (без ППР) на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ........ 31
Табела 12: Структура на трошоците на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс.. 32
Табела 13: Вкупни приходи на регионалните телевизии во последните пет години ........ 37
Табела 14: Вкупни приходи на регионалните телевизии во 2021 и 2022 година ........ 37
Табела 15: Директни трошоци на регионалните телевизии за создавање програма ........ 40
Табела 16: Структура на трошоците на регионалните телевизии ........ 40
Табела 17: Просечен број и вкупен број на вработени во регионалните телевизии ........ 42
Табела 18: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните телевизии во 2022 година ........ 45
Табела 19: Структура на трошоците на локалните телевизии ........ 47
Табела 20: Просечен и вкупен број на вработени во локалните телевизии ........ 48
Табела 21: Структура на трошоците на радиостаниците на државно ниво ........ 53
Табела 22: Просечен и вкупен број на вработени во радиостаниците на државно ниво ........ 54
Табела 23: Вкупни приходи и приходи од реклами на регионалните радиостаници ........ 56
Табела 24: Структура на трошоците на регионалните радиостаници ........ 57
Табела 25: Просечен и вкупен број на вработени во регионалните радиостаници ........ 59
Табела 26: Просечен неделен досег на регионалните радиостаници ........ 59
Табела 27: Вкупни приходи и приходи од реклами на локалните комерцијални радиостаници ..... 61
Табела 28: Структура на трошоците на локалните радиостаници ........ 63
Табела 29: Просечен и вкупен број на вработени во локалните радиостаници ........ 64
Табела 30: Просечен неделен досег на локалните радиостаници ........ 65

ПРЕГЛЕД НА СЛИКИ

Слика 1: Движење на вкупните приходи на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери ... 8
Слика 2: Структура на приходите во индустријата во 2022 година ... 9
Слика 3: Приходи од рекламирање во индустријата во последните пет години ... 9
Слика 4:Движење на вкупните трошоци на јавниот сервис и на комерцијалните радиодифузери . 10
Слика 5: Исплатени средства од државниот буџет за финансирање на МРТ во последните пет години ... 14
Слика 6: Движење на вкупните приходи на МРТ во периодот 2012-2022 ... 15
Слика 7: Вкупни приходи на јавните сервиси во 2021 година (во милиони евра) ... 16
Слика 8: Приходи од рекламирање во последните пет години ... 17
Слика 9: Движење на вкупните приходи на терестријалните телевизии на државно ниво ... 20
Слика 10: Движење на приходите од реклами (без ппр) на терестријалните телевизии на државно ниво во последните пет години ... 22
Слика 11: Учество на приходите од рекламирање во вкупните приходи од реклами во 2022 година ... 23
Слика 12: Движење на поединечните приходи од рекламирање (без ППР) на терестријалните телевизии во последните пет години ... 23
Слика 13: Движење на вкупните трошоци на терестријалните телевизии на државно ниво ... 24
Слика 14: Трошоци на терестријалните телевизии за набавка на содржини и за плати на лицата директно поврзани со производство но програмата ... 25
Слика 15: Просечен дневен и неделен досег на терестријалните телевизии на државно ниво ... 27
Слика 16: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ... 28
Слика 17: Движење на вкупните приходи на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ... 29
Слика 18: Приходи од реклами на телевизиите на државно ниво ... 30
Слика 19: Движење на вкупните трошоци на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ... 31
Слика 20: Трошоци за производство на програма на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во 2021 и 2022 година ... 33
Слика 21: Движење на финансиските резултат на телевизиите на државно ниво преку неограничен ресурс во последните пет години ... 34
Слика 22: Просечен број и вкупен број на вработени во телевизиите на државно ниво ... 35
Слика 23: Просечен дневен и неделен досег на телевизиите на државно ниво ... 35
Слика 24: Движење на вкупните приходи на регионалните телевизии во последните пет години . 36
Слика 25: Приходи од реклами и вкупни приходи на регионалните телевизии ... 38
Слика 26: Структура на приходите на регионалните телевизии ... 39
Слика 27: Движење на вкупните трошоци на регионалните телевизии во последните пет години. 39
Слика 28: Финансиски резултат на регионалните телевизии во последните пет години ... 41
Слика 29: Удел во гледаноста во регионот и просечен неделен досег на регионалните телевизии 43
Слика 30: Движење на вкупните приходи на локалните телевизии во последните пет години ... 44
Слика 31: Движење на приходите од реклами (без ППР) на локалните телевизии ... 46
Слика 32: Движење на вкупните трошоци на локалните телевизии во последните пет години ... 46

Слика 33: Финансиски резултат од работењето на локалните телевизии во последните пет години ........................................................................................................................................48
Слика 34: Просечен неделен досег и удел во гледаноста во регионот на локалните телевизии .....49
Слика 35: Движење на вкупните приходи на радиостаниците на државно ниво..............................50
Слика 36: Движење на поединечните приходи на радиостаниците на државно ниво......................51
Слика 37: Структура на приходите кај радиостаниците на државно ниво ........................................51
Слика 38: Движење на вкупните трошоци на радиостаниците на државно ниво .............................52
Слика 39: Финансиски резултат од работењето на радиостаниците на државно ниво .....................53
Слика 40: Просечен дневен и неделен досег на радиостаниците на државно ниво .........................54
Слика 41: Движење на вкупните приходи на регионалните радиостаници......................................55
Слика 42: Движење на вкупните трошоци на регионалните радиостаници ......................................57
Слика 43: Финансиски резултат од работењето на регионалните радиостаници .............................58
Слика 44: Движење на вкупните приходи на локалните радиостаници............................................60
Слика 45: Структура на приходите на локалните радиостаници ........................................................62
Слика 46: Движење на вкупните трошоци на локалните радиостаници ............................................62

| | |
|---|---|
| **Наслов** | **Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022** |
| **Издавач и носител на авторски права** | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| **Адреса** | Палата Панко Брашнаров Ул.„Македонија“ бр.38, 1000 Скопје<br>Тел.02/3103-400<br>www.avmu.mk<br>contact@avmu.mk |
| **За издавачот** | д-р Зоран Трајчевски, Директор |
| **Печати** | МАР-САЖ |
| **Тираж** | 30 примероци |
| **Автори** | д-р Зоран Трајчевски, Магдалена Давидовска-Довлева, Сања Гудеска-Здравковска и Катерина Доневска |
| **Уредничка** | Катерина Доневска |
| | Скопје, јули 2023 година |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

654.19:33(497.7)"2022"(047.31)

АНАЛИЗА на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година / Зоран Трајчевски... и др. - Скопје : Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 2023. - 70 стр. : илустр. ; 31 см

Останати автори: Магдалена Давидовска-Довлева, Сања Гудеска-Здравковска и Катерина Доневска

ISBN 978-608-4605-33-1

1. Трајчевски, Зоран [автор] 2. Давидовска-Довлева, Магдалена [автор] 3. Гудеска-Здравковска, Сања [автор] 4. Доневска, Катерина [автор]

а) Радиодифузија -- Пазарни аспекти -- Македонија -- 2022 – Истражувања

COBISS.MK-ID 60838149